ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

-ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ-

Tatjana Veterovska
Digitally signed by Tatjana Veterovska
Date: 2025.04.23 15:27:10 +02'00'

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ВОВЕД

Овој проект е дел од инвестиционо проектната документација за магистралните гасоводи во Република Северна Македонија, насловен како **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес,** општина Св.Николе, општина Лозово и општина Велес.

Инвеститор на проектот е **Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост**.

Проектот се изработува на основа на веќе изработена Физибилити студија за гасоводен систем на Република Северна Македонија со Идејни проекти, финансирани од страна на Министерство за транспорт и претставува само еден дел од проектот за гасификација на Република Северна Македонија.

Во продолжение во оваа документација на ниво на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план ќе биде разработена трасата на Магистралниот гасовод, Делница 8: Свети Николе – Велес и кракот на гасоводот кон градот Свети Николе во Република Северна Македонија.

Цел и предмет на оваа планско - проектна документација е дефинирање на планските, програмските и проектните услови и параметри за изработка на техничка документација на ниво на Основен проект за изведба на Магистрален гасовод, делница Свети Николе - Велес. Со изградбата на овој магистрален гасовод ќе се создадат услови за решавање на голем број на проблеми што ги оптоваруваат урбаните заедници засегнати од овој проект, особено од економски аспект, како и за заштита на животната средина и аеро - загадувањето.

МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес, се изработува врз основа на **Услови за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес** со тех.бр. Y06121 од август 2021 со решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 1364/2021 **и дополна на Услови за планирање на просторот** со тех.бр. Y06121i од февруари 2025 со Решение за дополна на УПП бр.15-1066/2 од 24.03.2025 кои произлегуваат од Просторниот план на Р.Македонија 2002 – 2020.

Планските решенија во овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес се базираат на критериумите и условите дадени во **Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница Св.Николе – Велес со техн.бр. 80-1/21 од декември 2021**, изработена од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг „Простор" ДОО Куманово со **Потврда за одобрување од Министерство за транспорт на РС Македонија бр. 68-2585/6 од 10 Ноември, 2022 год**.

Согласно член 57 од Законот за Градење (Сл. весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и (Сл. весник на Р.С Македонија бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/2023) магистралниот гасовод кој се предвидува со оваа проектна документација, спаѓа во објекти од ПРВА КАТЕГОРИЈА;

Со урбанистичкиот проект од членот 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20, 111/23, 73/24 и 171/2024), се уредуваат поединечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Урбанистичкиот проект ја прикажува трасата на инфраструктурата и местоположбата на придружните објекти и посторојки на магистралниот гасовод и претставува основа за изработка на Основен проект. При изработката на решението е водено сметка за рационална употреба на земјиштето.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН се изработува врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/2024);
- Правилник за Урбанистичко Планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23);
- Закон за Градење (Сл. весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и (Сл. весник на Р.С Македонија бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/2023);

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Трасата на гасоводот започнува источно од Свети Николе, а северно од селото Ерџелија, како приклучок на постоечкиот гасовод - Секција ЛОТ1 Клечовце – Кавадарци, кај Блок станица 2 (БС-02), продолжува југоисточно до реонот на Велес, кадешто завршува со Блок станица, Приемно чистачка станица и ГМРС Велес. На км 6+385.68 од главната траса се одвојува крак на гасоводот кон ГМРС-11 Свети Николе и Блок станица Св.Николе (БС - Св.Николе).

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект се протега на територијата на 3 (три) општини и тоа **општина Свети Николе, општина Лозово и општина Велес**. Главен фактор за избор на трасата е должината на трасата како и природните и вештачките препреки односно пресекувањето со одредени реки, патишта, канали, железници, инфраструктура и сл. Исто така, при избор на трасата на гасоводот земено е во предвид постоењето на одредени урбанистички планови кои се усвоени или во фаза на усвојување, а кои се лоцирани долж трасата на гасоводот. Важно е да се напомене дека при изборот на конечната варијанта, направена е анализа и оцена на неколку варијанти од аспект на топографија, заштита на биодиверзитет, социјални аспекти и културно наследство и финалната избрана варијанта всушност претставува најповолната од аспект на гореспоменатите карактеристики.



Слика 1. Топографска карта, макролокација на трасата на гасоводот

Проектниот опфат геодетски се протега на следните катастарски општини:

КО Ерџелија вон - град, КО Свети Николе вон - град, КО Пеширово, КО Црнилиште вон - град, КО Аџиматово, КО Лозово вон - град, КО Милино вон - град, КО Милино, КО Каратманово вон - град, КО Ново Село, КО Чалошево и КО Велес.

Површината на проектниот опфат изнесува 650848.1 м^2 (65.08 ха). Должината на главната траса изнесува 27688.00 м', а на кракот кон ГМРС 11 - Св.Николе 383.00 м', што значи дека вкупната должина на главната траса со кракот е Lвк = 28070.71 м' или околу 28км.

Границата на проектниот опфат кој е предмет на разработка на Урбанистичкиот проект е дефиниран на графичките прилози, а го опфаќа просторот ориентационо ограничен околу следните најистурени точки:

Најзападна е точката со координати	X = 4620212.5981 и Y = 7566662.5164
Најсеверна е точката со координати	X = 4637550.5757 и Y = 7585487.6940
Најисточна е точката со координати	X = 4637524.6905 и Y = 7585557.5751
Најјужна е точката со координати	X = 4619952.1605 и Y = 7567386.6936

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Просторот во рамки на проектниот опфат за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес, досега не е урбанизиран и за него не постои посебна планска документација.

Изработката на проектната документација за магистралниот гасовод, Делница: Свети Николе – Велес е започната од страна на Простор ДОО Куманово. По барање на Инвеститорот Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост продолжи да се изработува од страна на Чакар – Партнерс ДОО Скопје.

За просторниот опфат на проектот од страна на Градежен Институт Македонија изработен е **Елаборат за заштита на животната средина (мај 2021) со техн.бр.ПРР 032-05-21**. Управата за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) изготви **Решение за одобрување на истиот со број УП1-11/4-691/2021 од 11.06.2021**.

Проектниот опфат на гасоводот навлегува во веќе донесени урбанистичко плански документации на општина Св.Николе и општина Велес, но во истите не е предвидена трасата на магистралниот гасовод, делница Св.Николе - Велес.

Согласно допис од општина Свети Николе бр. 1002-68/31 од 22.10.2024 год. дел од проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес**, со подземен СН кабел потребен за напојување на ГМРС Св.Николе **навлегува во опфатот на планска документација** со издадени Услови за планирање на просторот со техн.бр. **Y20514 ГУП Свети Николе, општина Свети Николе**.

Согласно допис од општина Велес бр. на постапка на е.урбанизам 67488 од 14.01.2025 год. дел од проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес**, со подземен СН кабел потребен за напојување на ГМРС Велес **навлегува во опфатот на планска документација** со издадени Услови за планирање на просторот со техн.бр. **Y10823 ГУП Велес**.

За усогласување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за магистрален гасовод Делница: Св.Николе – Велес со плановите од повисоко ниво на планирање, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање издаде **Услови за планирање на просторот** кои произлегуваат од Просторниот план на Република македонија 2002-2022 со **техн. бр. Y06121 со решение за Услови за планирање на просторот Арх.бр. УП1-15 1364/2021 од 20.09.2021**.

Во фаза на изработка на проектот заради потребата од опслужување на пратечките објекти на гасоводот ГМРС - Св.Николе и ГМРС - Велес со електрична енергија, односно спроведување на доводи за струја од најблиските приклучни места од постојна електро мрежа се јави потреба од измена на проектниот опфат на

магистралниот гасовод и **дополнување на Условите за планирање на просторот**. Од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање е издадена **дополна на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y06121i од февруари 2025 со Решение за дополна на УПП бр.15-1066/2 од 24.03.2025.**

Условите за планирање на просторот претставуваат обврзувачки документи во понатамошното планирање на просторот. Согласно истите:

Предметната траса ги тангира издадените Услови за планирање на просторот за:

- Урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес, за проект „Купи куќа за млади", КО Велес, Општина Велес, со тех бр. Y20616;
- ГУП за град Велес 2023-2033, со тех бр. Y10823;
- ГУП Свети Николе, со тех бр. Y20514;

Магистралниот гасовод се сече со инфраструктура за којашто се издадени Услови за планирање на просторот за:

- Проект за инфраструктура за изградба на подземен 20 kV кабел од ТС 110/10 kV Велес 2, КО Велес до индустриска зона Караслари, КО Караслари, Општина Велес, со тех бр. Y10314;
- Урбанистички проект за изградба на 12 вентилски станици, терминална станица и придружен оптички кабел на трасата на цевководот Скопје – граница со Република Грција, со тех бр. Y07609;
- Проект за инфраструктура за реконструкција на далекувод ТС Велес – ТС Овче Поле, со тех бр. Y06713;
- Проект за инфраструктура за реконструкција и рехабилитација на постојниот државен пат А3/Р1312, делница Велес – Кадрифаково како експресен пат, Втора секција – од депонија Велес (крај на трета лента) до с.Лозово, со тех бр. Y13113;
- Проект за инфраструктура за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија – Црна Скала), Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес, со тех бр. Y33510;
- Урбанистички план на брана Кнежино и придружни објекти како дел од ХС Злетовица, со тех бр. Y16906;
- Државна урбанистичка планска документација за изградба на автопат Миладиновци – Свети Николе – Штип, со тех бр. Y18310;
- Проект за инфраструктура за изградба на систем за водоснабдување на с.Лозово, с.Милино, с.Каратманово и с.Дорфулија, Општина Лозово, со тех бр. Y13815;
- Проект за инфраструктура за изградба на колектор од село Милино до село Лозово, Општина Лозово, со тех бр. Y04215.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и други карактеристики.

3.1. Географски податоци

Предметната траса на магистралниот гасовод е лоцирана во источниот дел на Република Северна Македонија (РСМ) на територија на општина Свети Николе,

општина Лозово и општина Велес. Должината на трасата изнесува околу 28 км. Површината на опфатот изнесува 65.08 ха.
Општините кои што се опфатени со проектниот опфат се наоѓаат во Вардарски Плански Регион. Вардарскиот Регион е еден од осумте региони на Република Северна Македонија. Овој регион се наоѓа во централниот дел на РСМ и се граничи со следните региони: Пелагонискиот, Југозападниот, Скопскиот, Југоисточниот и Источниот. Главен центар на регионот е градот Велес.
Трасата на гасоводот започнува кај место викано Бресје во општина Свети Николе и до Велес минува низ местата викани: Ковил, Стари Лозја, Дугача, Медово, Чировец, Шарков Рид, Врба, Кратов Алчај, Мечкарица, Беќирова Воденица, Потка Алти, Ашај Балар, Јазла Баир, Коџа Карач, Јазла, Ескибалар, Каратманово Поле, Незирлик Арди, Чолошевско Поле, Љуботен, Рамниште, Трите Дола, Кавак и Ризен Дол.

Општина Свети Николе

Општина Свети Николе припаѓа во централно - источниот дел на РСМ, во плодната котлина Овче Поле, која има голема плодност и земјоделско - економска важност и посебни културно - етнографски карактеристики.
Надморската висина се движи од 238 мнв. до 786 мнв. на опкружувачките ридести возвишенија. Најголемиот дел од територијата на општината се простира на висина од 250 до 320 мнв.
Општината Свети Николе припаѓа на Вардарскиот Плански Регион, кој е централен регион на државата со површина од 4.042 km2 или 16% од територијата на Република Северна Македонија. Просторот на општината Свети Николе зафаќа површина од 480 km2 и се вбројува меѓу најголемите општини во Републиката. Но токму поради тоа густината на населеноста не е така голема, односно изнесува 38,5 жители на 1 km2.
Според пописот од 2002 година, вкупната популација во општина Свети Николе изнесува 18.497 жители, во градот живеат 13.746 жители, а во селата 4.751 жител. Територијата на општина Свети Николе се поистоветува со познатата област Овче Поле, односно таа го зафаќа најголемиот простор на ова поле кое му припаѓа на сливот на Светониколска Река или Азмак, десна притока на Брегалница.
Како средишен дел на Овче Поле, општината се граничи со повеќе општини: Пробиштип, Кратово, Орашац, на потесен дел со Куманово и Петровец, со Велес, Лозово, Штип и Карбинци.
Во рамките на Општината се наоѓаат 34 населби, но постојани се 32 заедно со централното место Свети Николе (раселени се стара и нова Мездра).
Проектот ги опфаќа следните населени места во општината: градот Свети Николе, Долно Црнилиште, Кнежје и Пеширово.

Општина Лозово

Општина Лозово се наоѓа во централниот дел на РСМ, поточно зафаќа дел од Овче Поле. Вкупната територија на општина Лозово е 165 km2. Во општината има 11 населени места, од кои 10 се рамничарски, а 1 ридско. Селата во Општината се: Аџибегово, Аџиматово, Бекирлија, Дорфулија, Ѓуземелци, Каратманово, Кишино, Лозово, Милино, Сарамзалино и Ќоселери. Најголемо село е Лозово кое е и административен центар на општината. Проектот ги опфаќа следните населени места во општината: Лозово, Аџиматово, Дорфулија, Ѓуземелци, Каратманово, Милино и Сарамзалино.
Низ Општината минува националниот пат А3, како и железничката линија Велес-Кочани. Општина Лозово граничи со општина Свети Николе на север и северо-исток, со општина Велес на запад, со општина Градско на југ и со општина Штип на исток.

Општина Велес

Општина Велес е лоцирана во централниот дел на РСМ, поточно на бреговите на река Вардар на надморска височина од 206 m, околу 55 km јужно од главниот град Скопје. Велес по многу свои карактеристики и одлики претставува специфична урбана и индустриска област. Неговите особености потекнуваат како од неговата географска положба, бидејќи се наоѓа во самиот центар на Северна Македонија, така и од економскиот и социјалниот карактер на неговиот развој.
Општина Велес е лоцирана во централниот дел од РСМ и опфаќа површина од 464,5 km2 што преставува 1,71% од вкупната територија на РСМ. Градот е поставен на излезот од Велешката Котлина односно на двата брега на река Вардар. Општината се состои од 34 населени места. Проектот ги опфаќа следните населени места во општината: град Велес, Башино Село, Чалошево, Кумарино и Мамутчево.
Велес е значаен сообраќан спој каде се спојуваат најзначајните патишта и железници кои ја поврзуваат Европа со Блискиот Исток и Северна Африка.
На северо-запад од Велес се наоѓа главниот град на РСМ, Скопје (54 km), на северо-исток се наоѓа градот Свети Николе (34 km), на исток се наоѓа градот Штип (43 km), на југо-запад се наоѓа градот Прилеп (79 km) и на југо-исток се наоѓаат градовите Кавадарци (43 km) и Неготино (40 km).

3.2. Релјефни податоци

Во вертикална смисла трасата нема големи и стрмни искачувања и спуштања и минува низ порамниот обработлив дел од Овче Поле. Трасата започнува од кота 350 м.н.в., највисоката точка до која што се искачува е на кота 403 м.н.в на место викано Шарков Рид и завршува со кота 265 м.н.в. кај Велес северно од Ризен Дол.

Општина Свети Николе и општина Лозово

Овчеполската Котлина е специфична по своето настанување и морфолошка структура, таа од сите страни ограничена од гребени и накосени ридови, кои ја сочинуваат изразената природна граница. Единствено на некои места помеѓу нив земјиштето е ниско и границите се неодредени. Овчеполската Котлина е тесно поврзана со блиската околина на Штип. Таа во целата своја површина не е наполно рамна, затоа нејзината надморска височина се движи од 200 до 400 m. Најголемата надморска височина не изнесува повеќе од 900 m на највисокиот врв на опкружувачките ридести возвишенија. На северо-запад Овче Поле е оградено со ниската Градиштанска Планина (861 m), а на северо-исток со Манговица (741 m).
Најголемиот дел од територијата на Општите Свети Николе и Лозово се простира на висина од 250 до 320 мнв. Со оглед на релјефната структура најголем број села се рамнински, неколку се ридски, додека нема ниту една планинска населба. Ѓаволски Ѕид всушност е природна геоморфолошка појава на карпести изданоци т.е. карпести ленти кои се јасно забележливи во релјефот, а се протегаат фрагментарно во правец исток- запад-северо-запад, во должина од неколку стотици метри. Појавата започнува од југо- западното подножје на Тиски Врв (747 m), кај месноста Грлиште, потоа продолжува околу 260 m кон запад до месноста Плавиште и свртува кон северо-запад, т.е. го следи западното подножје на Богословец (2 km југо-источно од врвот на Богословец). Сепак, карпестите формации најдобро се изразени од двете страни на долот (Грлишки Дол) кој завршува во Брегалница.

Општина Велес

Градот е расположен во една од најголемите и најубави долини во средишниот дел на течението на реката Вардар, опкружен со планини и ридови. Самата Велешка Котлина се распростира помеѓу Таорската Клисура на север и кањонот на планината Клепа на југ.

Урбаната област се наоѓа на надморска височина од 160-200 m. Градот е обиколен од двете страни на долината со ридови од различна надморска височина (од околу 300 m до 675 m). На левата страна на долината се наоѓаат ридовите Вршник, Камено Брдо и Гроот и селата Превалец и Горно Оризари, а на десната страна од долината ридовите Прцорек и Св. Илија и селата Отовица и Башино Село.
Извршената анализа на релјефните карактеристики на земјиштето овозможуваат да се заклучи: Рељефот како природен услов со мали исклучоци не претставува ограничување за непречено водење на трасата.

3.3. Сеизмички карактеристики

Територијата на РСМ претставува комплексна геолошка, тектонска и сеизмотектонска средина каде е доста сложено да се дефинираат и карактеризираат сеизмичките зони на ниво со голема веродостојност. Територијата на РСМ има четири геотектонски региони или единици: Западно-Македонска Зона, Пелагониски Масив, Вардарска Зона и Српско - Македонски Масив.
Во делот на подрачјето на гасоводот кој припаѓа на Овчеполската Котлина, според сеизмотектонската реонизација на Република Северна Македонија, очекуваните магнитуди се во граници помали или до 5,7, а обсервираните интензитети во период од околу 100 години се VII степени според MCS и од овој аспект не претставува подрачје со висок ризик како што е Скопското.
Во регионот на општина Велес ретка е појавата на катастрофални земјотреси кои може да достигнат епицентрален интензитет до X степени согласно макросеизмичката скала – 64 и со големина до 7,8 (најголемиот интензитет регистриран досега на Балканскиот Полуостров).

3.4. Климатски карактеристики

Предметната локација припаѓа на две мерни станици, Штип и Велес. Како резултат на струјните климатски коридори и рељефните услови (висина, положба, експозиција) подрачјето се одликува со изменета умерено - континентална - субмедитеранска клима која владее до 600 метри надморска висина. Територијалната поставеност на Вардарската Долина овозможува транспорт на континентални воздушни маси од европското копно преку Качаничката и Кумановско-Прешевската Долина и транспортирајки се кон југ наидуваат на релјефна препрека кај Демир Капија каде се врши определена трансформација од термички и плувиометриски карактер.
Покрај циркулационите фактори, кои се манифестираат со транспорт на континентални и медитерански воздушни маси, на климата на ова подрачје влијае и самата конфигурација на теренот, што се чувствува преку појава на температурни инверзии како и преку таканаречените „езера" на студен воздух кои се јавуваат во зимскиот дел од годината од Скопската Котлина (на север) до Демир Капија (на југ). При определени типови на време (најчесто антициклонален тип на време) на територијата на ова подрачје се јавуваат радијациони магли кои се засилуваат во текот на ноќите и ослабуваат во текот на денот, на кои главен фактор се синоптичко-аеролошките услови, како и радијационото ладење, особено кога подлогата е покриена со снежна покривка.
Климатските влијанија на Медитеранот значително се ослабени во ова централното подрачје од РСМ. Во текот на летниот дел од годината, при појава на антициклонски тип на време се јавуваат периоди со подолги низи без врнежи, со високи температури на воздухот и со суви ветрови. Во ова климатско подрачје, во споредба со други подрачја значително се чувствува влијанието на континентот, кое се манифестира со значително поголеми просечни и апсолутни амплитуди на температурата на воздухот и сл. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 12,8°C до 13,6°C. Најтопол месец е јули со средна месечна температура на воздухот од 23°C до 24,5°C. Апсолутно највисока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува

помеѓу 39,5°C до 43,6°C. Овие вредности се забележани во текот на месеците јули и август. Апсолутно најниските температури на воздухот се движат во границите помеѓу -17,5°C и -20°C (во Свети Николе). Највисоки апсолутни амплитуди на температурата на воздухот изнесуваат 62,2°C - 65°C (во Велес). Во ова подрачје годишниот број на тропски денови се движи до 64 дена колку што изнесува и бројот на денови со мраз. Една од основните карактеристики на климата на ова подрачје е значително малите годишни количини на врнежите кои се движат во границите помеѓу 428,1 mm до 561,3 mm годишно. Најголемиот дел од врнежите има во студената половина на годината. Месеци со најмногу врнежи во ова подрачје се ноември и мај во зависноста од местоположбата, а најсушен месец е август.
Во ова подрачје годишниот број на сончеви часови изнесува 2.178, а најсончани се летните месеци јули и август со вкупен фонд на сончеви часови од 319. Режимот на ветровите е условен од орографската положба на терените. По долината на реката Вардар од север дува Вардарецот со честина од 159‰ и максимална брзина од 15,5 m/s, а од југ дува Југот со честина од 151‰ и средна брзина од 5,7 m/s. Овие ветрови дуваат во текот на целата година, додека ветровите од останатите правци се незначителни. Во источниот дел на Овче Поле ветровите се доста изразени. Маглата не е така честа појава, а се јавува од 5 до 25 дена во годината и тоа најчесто во есенските месеци.

3.5. Почва

Во Република Северна Македонија има нешто повеќе од 30 почвени типови и уште повеќе поттипови, вариетети и форми.
Трасата започнува со присуство на почва од типот смолница, рендзина и регосол, за после почетните неколку километри да навлезе во дел со колувијална почва, пред делот со флувијатилна почва околу Светониколска Река. После флувијатилната почва, трасата навлегува во област со регосол и лептосол помеѓу селата Кнежје и Долно Црнилиште, за после тоа повторно да поминува низ колувијална почва и смолници. Како што се качува надморската висина на теренот, трасата поминува низ предел со смолница, цеметна шумска почва и регосол. На крајот, при приближувањето кон Велес, трасата завршува со подрачје со рендзина и регосол.
Овчеполието е познат земјоделско - сточарски регион. Луѓето од овој крај отсекогаш се занимавале со земјоделство, бидејќи регионот изобилува со почва од повеќе класи, со посебна внатрешна вредност - бонитет, голем број на сончеви денови и систем за наводнување кој покрива 8.000 ha обработлива површина. Со тоа се исполнети условите за одгледување на житни, индустриски и градинарски култури.
Согласно податоци за почва за проектниот опфат истражувања за квалитетот на почвите претставени се во Геохемискиот атлас на Велес и неговата околина, изработен од Природно-математичкиот факултет – Скопје, 2008 година, изработен со цел да се прикажат резултатите од првото систематско испитување на просторната распределба на различни елементи во површинскиот слој на почвите во Велес и во неговата околина. Резултатите од антропогена распределба на хемиските елементи односно, група на хемиски елементи кои се внесени во животната средина како резултат на човековите активности ги опфаќа елементите Арсен – (As), Кадмиум – (Cd), Бакар – (Cu), Жива – (Hg), Индиум – (In), Олово – (Pb), Антимон – (Sb) и Цинк – (Zn).

3.6. Геолошки и хидрогеолошки карактеристики

Гасоводната делница Свети Николе - Велес е лоцирана во централните делови од Република Северна Македонија, во западните делови на Овчеполската Котлина. Овој предел представува суб-рамничарски терен кој се одликува со благи и постепени мали возвишенија на теренот кој скоро во целина е изграден од седиментни карпи. Од

геотектонски аспект, предметниот терен е лоциран во рамки на Вардарската Зона која е издвоена како посебна геотектонска единица на територијата на државата. Според постојната карта на сеизмичко зонирање на РСМ (MKS-EN 1998 - 1:2012 Еврокод 8), може да се констатира дека предметната локација спаѓа во зона со релативно ниска сеизмичност во Македонија (Z-2), односно ag = 0,15 g.



Карта на сеизмичко зонирање на РСМ (MKS-EN 1998-1:2012 Еврокод 8)

Врз основа на досега реализираните теренски истражувања, утврдено е дека овој терен е изграден генерално од седиментни карпи со квартена, плиоценска и еоценска старост, и во помал дел цврсто врзани карпи (мермери) кои се утврдени во делот од трасата која гравитира према Велес.

Квартерните седименти се представени со елувијални и пролувијални седименти, од кои пролувијалните седименти се со значително поголема застапеност.

Песоците и глините во рамки на плиоценот ја представуваат базалната серија. Во овој хоризонт во делот од теренот помеѓу Свети Николе и с. Пеширово се утврдени и прослојќи од јаглен и јагленова глина. Песоците се јавуваат главно како ситнозрни, а поретко на места како крупнозрни со доминантна застапеност на кварц кај истите.

Еоценските седименти се застапени во северо-источните делови од теренот во делот од првите четири километри од гасоводната линија. Во рамки на истите доминантно е застапена горната зона на флишот која е представена со песочници, глинци лапорци и варовници.

Мермерите се утврдени во делот од гасоводната траса кој гравитира према Велес, односно во последните 500 до 1.000m од проектираната гасоводна линија. На места во рамки на мермерите се појавува јасно изразена шкрилеста текстура со зголемен процент на лискун, што укажува на постепен премин кон околните лискунски шкрилци.

Главни постојани водотеци се Светониколска Река и Ѓузумлиска Река кои имаат доста слаб проток на вода, при што Ѓузумлиска Река во текот на летнитот период доста често и пресушува.

Во поглед на хидрогеолошките карактеристики, предметниот терен во основа може да се дефинира како зона со застапеност на непропусни до слабо водопропусни седиментни карпи со појава на издани на длабини поголеми од 60 m. Хемизмот на овие води најчесто е непогоден за користење како вода за пиење, пред се поради зголемениот саленитет на водата. Од инженерскогеолошки аспект, овие терени се генерално погодни за изградба на инфраструктура од предметниот тип, при што потребно е прецизно да се дефинираат евентуалните слагавања во деловите каде се застапени глиновито-песокливите седименти кои се водозаситени. Во делот на проектираната гасоводна траса не се застапени никакви позначителни инженерскогеолошки појави и процеси кои би можеле негативно да влијаат на гасоводната конструкција. Во тој поглед, потребно е да се обрне посебно влијание на хемизмот на подземните води и почвата од аспект на агресивност кон гасоводната конструкција.

3.7. Хидрографски карактеристики

Согласно известувањето од Министерство за животна средина – сектор води бр. 11-2867/2 трасата на гасоводот е во трета (III) заштитна зона на водни тела Рени бунари, АРМ бунар, топилнички бунар и бунарски систем Шорка – Велес, наменети за водоснабдување на градот Велес и исто така во предвидениот опфат на гасоводот поминуваат неколку водотеци.

Согласно Елаборатот за одредување на границите на заштитени зони околу водозафатени објекти – бунари за водоснабдување на Градот Велес со техн.бр. 0903-282/2 од март 2015 утврдено е дека проектниот опфат на гасоводот не навлегува туку е во непосредна близина на трета (III) заштитна зона на водозафатни објекти – бунари на Градот Велес.

Исто така трасата планираниот гасовод поминува под коритото на неколку водотеци односно:

км 6+162.04 поминува под коритото на река Каштан Јарак (Светониколска река);
км 16+958.40 ја пресекува Саридерска Река (која во текот на годината пресушува);
км 19+724.25 ја пресекува суводолицата Јаруга;

Општина Свети Николе и Општина Лозово (Овчеполие)

Во хидролошки поглед Овчеполските води припаѓаат на сливот на р. Брегалница. Најголем воден тек претставува Светониколска Река. Таа настанува од три помали водотеци - Периш, Караташ и Мавровица. Тие се соединуваат кај Свети Николе и оттука до селото Амзабегово водниот тек е познат како Светониколска Река, од ова село па до вливот во Брегалница таа тече под името Азмак. Светониколска Река долга е 35 km, зафаќа сливна површина од 665 km^2, што е најголема ваква површина меѓу сите притоки на Брегалница, но има сосема мал пад од само 11,6‰. Азмак во Брегалница се влива југо - источно од с. Аџибегово на 203 m надморска височина. Караташ извира од Градиште на Градиштанска Планина на надморска височина од 610 m. Извориштето на Мавровица се наоѓа во близина на с. Макреш на надморска височина од 727 m. Периш извира во атарите на с. Малино и с. Алакинци на надморска височина од 380 m. Овие три реки се соединуваат на средишниот дел на котлината кај градот Свети Николе и од таму течат во меридијански правец како Светониколска Река.

Во котлината нема природно езеро. На реката Мавровица во местото Алин Дол, во атарот на с. Орел, 10 km северно од Свети Николе, изградена е акумулација со површина од 7 km^2 со зафатнина од 2.700.000 m^3. Браната е земјено-насипна со височина од 25 m, должина на круната од 360 m и широчина од 6 m. Акумулацијата се користи за водоснабдување на Свети Николе. Истата се наоѓа на 5 km од предвидениот проектен опфат.

Општина Велес

Општина Велес ги опфаќа подрачјата на поголемите водотеци Бабуна, Тополка и Отавица, кои заеднички припаѓаат на сливот на реката Вардар. Годишниот просечен проток на Бабуна изнесува 4,65 m^3/s, на Тополка 2,41 m^3/s и на Отовица од 1,31 m^3/s. Останатиот непосреден слив во реката Вардар од левата страна изнесува 1,31 m^3/s, а од десната страна 0,3 m^3/s. Просечниот годишен проток на реката Вардар кај водомерната станица кај градот Велес изнесува 83,1 m^3/s.

Вештачката акумулација Езеро „Младост", се наоѓа северно од градот Велес, поточно на река Отовица на која е изградена бетонска - лачна брана, во непосредна близина на селото Отовица и патот Велес - Скопје. Браната е лоцирана на 41°46' N и 21°45' E, возводно за 2,5 km од вливот на река Отовица во река Вардар, при што е оформена акумулација позната како Акумулација Младост. Од проектниот опфат се наоѓа на приближна оддалеченост од 6 km.

Височината на браната изнесува 27 m, а должината при круната изнесува 73 m. Сливот на река Отовица, која го полни Езерото Младост е со јужна експозиција на простирање, а река Отовица и нејзините притоки се спуштаат од под падините на Градиштанска Планина.
Акумулацијата има должина од 1,5 km, а нејзината најголема широчина достигнува и до 500 m. Најголемата длабочина во езерото е 25m. Оваа акумулација формира акумулационен простор со корисен волумен од 3,8 x 106 m^3, кој овозможува, преку систем за наводнување, обезбедување на вода за наводнување на делови околу Велес и с.Отовица. Се наводнуваат околу 1.350 ha обработливо земјиште, претежно со лозови насади.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Податоците за создадените вредности и чинители ја синтетизираат состојбата на животот на човекот и начинот на употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат; културно - историски, демграфски, економски, стопански, сообраќајни, законодавно - административни, здравствено - социјални и други чинители.
Создадените вредности и чинители го детерминираат просторно - физичкиот развој на трасата како составен дел на истата во нејзиното окружување. Од нив произлегува развојот на основните функции и урбаната инфраструктура.
Предметната траса на магистралниот гасовод е лоцирана во источниот дел на Република Северна Македонија (РСМ) на територија на општина Свети Николе, општина Лозово и општина Велес. Населението во селата и градовите и административните центри погодени од Проектот живеат претежно во овие три општини. Општините кои што се опфатени со проектниот опфат се наоѓаат во Вардарски Плански Регион.
Магистралниот гасовод се наоѓа во близина на следниве населени места:
Градовите: Свети Николе и Велес;
Села: Долно Црнилиште, Кнежје, Пеширово, Лозово, Аџиматово, Дорфулија, Ѓуземелци, Каратманово, Милино, Сарамзалино, Башино Село, Чалошево, Кумарино и Мамутчево

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.
Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Републиката во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.
Развојот на инфраструктурните системи претставува една од развојните детерминати на локалната и националната економија. Од енергетските системи со "Просторниот план на Република Македонија" се предвидува и развој на гасоводниот систем.
Природниот гас е еден од енергенсите кој се користи за задоволување на енергетските потреби како на домаќинствата, така и на деловниот сектор, во кој покрај комерцијалните субјекти како голем потрошувач и корисник на овој ресурс се јавува индустрискиот сектор. Во тој контекст изградбата на магистрален гасовод за делница

Св. Николе - Велес ќе биде во функција на квалитетно задоволување на енергетските потреби на деловните корисници од тоа подрачје со еколошки одржлив енергенс.
Согласно определбите на Просторниот план на Р Македонија, идниот развој и разместеноста на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.
Со разместувањето на производните и услужни капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри - полови на развојот како што се градовите Св.Николе и Велес кон кои гравитира планираниот магистрален гасовод за кој се наменети Условите за планирање.
Половите на развој ги формираат оските на развојот. Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината низ кој се предвидува да минува трасата на магистралниот гасовод се оските "Север-Југ" и "Источната развојна оска".
Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата
При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за лоцирање на производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на факторите на развојот.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Согласно Просторниот план на Република Македонија предметната локација, еден дел припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и втор дел во Централно-медитерански со 10 микрореони.
Околу 80% од истражуваниот гасоводен кориодор е претставен со полиња. Лозовите полиња се распространети насекаде во подрачјето како фрагменти од обработливото земјиште помешани со ниви и овоштарници. Во областа се застапени спорадично но на поголеми површини. Најчесто засадени култури се череши, сливи, бадеми, кајсии и друго. Овоштарниците се измешани со нивите. Во рамки на гасоводниот коридор ретко можат да се забележат напуштени ниви и ливади, а најчесто се наоѓаат помеѓу парцелите од земјоделско земјиште, покрај патиштата.
Поголеми подрачја со зимзелени насади во рамки на истражуваниот гасоводен коридор има од км 8+000,00 – км 9+500,00, во близина на км 17+500 и на км 27+500.
Во близина на гасоводниот коридор има структури дисперзирани во руралното или природното опкружување утврдени за целите на земјоделски активности, постојани или привремени живеалишта, мали трговски, занаетчиски или индустриски активности, рекреација и сл. Во овие структури се вклучени изолирани оранжерии, засолништа за животни, конструкции за сушење на берба, шупи и колиби, куќички сред поле или пасиште. Гасоводот не проаѓа директно низ населени места (села), но ги има во истражуваниот коридор од 500 m.
Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено - економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Република Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на терените каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на терените каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Република Македонија се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на Република Македонија, во Регионот на Велес се планира пошумување во шума и вон шума на околу 11.500 ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Велешкиот регион вкупната површина под шуми ќе изнесува 51.600 ha, дрвната маса се проценува на износ од околу 4.120.000 m^3 и вкупен годишен прираст од 122.000 m^3 додека пак во регионот на Свети Николе се планира пошумување во шума и вон шума на околу 6.100 ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Свети Николскиот регион вкупната површина под шуми ќе изнесува 10.200 ha, дрвната маса се проценува на износ од околу 485.000 m^3 и вкупен годишен прираст од 85.000 m^3.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно дописот од АД Водостопанство на РСМ – Скопје, бр. 11-787/3 од 10.06.2024 год. во рамки на предметниот опфат на планираниот гасовод АД Водостопанство има свои објекти и инфраструктура која се вкрстува со трасата на гасоводот.

км 2+710.03 - АД Водостопанство Цевковод за наводнување;
км 3+263.32 - Цевковод за наводнување АД Водостопанство;
км 3+300.52 - Цевковод "9" Ф250мм за наводнување АД Водостопанство;
км 3+997.36 - АД Водостопанство цевковод за наводнување;
км 4+110.77 - АД Водостопанство Цевковод "10" Ф250мм за наводнување;
км 4+696.96 - АД Водостопанство Цевковод "11" Ф250мм за наводнување;
км 5+126.36 - АД Водостопанство цевковод за наводнување;
км 5+717.77 - АД Водостопанство Цевковод "12" Ф250мм за наводнување;
км 7+081.83 - АД Водостопанство Цевковод за наводнување;
км 15+530.31 - Цевковод за водоснабдување Милино – Лозово - Каратманово;

Согласно дописот од Јавно претпријатие на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" - Пробиштип допис бр. 03-299/2 од 23.05.2024 год. трасата на планираниот гасовод се вкрстува со подземни цевководи за водоснабдување на општина Свети Николе и општина Лозово.

км 1+660.08 - ЈП ХС Злетовица Цевковод за водоснабдување на о.Св.Николе;
км 6+312.39 - ЈП ХС Злетовица Цевковод за водоснабдување о.Лозово;

Трасата на гасоводот делница Свети Николе – Велес се наоѓа во сливот на реката Вардар, но минува низ водостопанските подрачја (ВП) „Среден Вардар" и (ВП) „Средна и Долна Брегалница".

ВП „Среден Вардар" го опфаќа сливот на реката Вардар, од вливот на река Пчиња до водомерниот профил „Демир Капија". На ова подрачје припаѓаат сливовите на десните притоки Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и на левите притоки Отавица и Иберијска Река.
За целосно искористување на постојниот хидролошки потенцијал на водотеците во ВП „Среден Вардар" изградени се акумулациите Младост на река Отавица и Лисиче на реката Тополка. Водите од акумулацијата Младост се наменети за наводнување на земјоделските површини во Велешко Поле, а примарната намена на акумулацијата Лисиче е водоснабдување на населението во градот Велес и околните села.
Во наредниот период се предвидува изградба на акумулациите: Велес, Бабуна II, Згрополци, Градско, Кукуречани, Криволак, Дуброво и Демир Капија на реката Вардар, потоа акумулацијата Бабуна на река Бабуна и Венец на река Изворчица.

ВП „Средна и Долна Брегалница" го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат и сливовите на реките: Оризарска, Злетовска, Светониколска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.

За искористување на потенцијалот на водотеците (хидроенергетски, за водоснабдување на населението и индустријата и за наводнување) во ВП „Долна и Средна Брегалница" изградени се акумулациите Градче на Кочанска Река, Пишица на реката Пишица, Мантово на Лакавица и Мавровица на река Мавровица. За идниот период се предвидува изградба на акумулациите: Јагмулар на реката Брегалница, Речане на Оризарска Река и Баргала на Козјачка Река.

Трасата на гасоводот минува низ сливови на помали времени водотеци, а позначаен водотек преку кој минува е Светониколска Река. При изработката на документацијата и нејзината реализација да се применуваат мерки со кои ќе се заштити сливот на реката од појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето, односно да се избегнува деградирање на просторот преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл.

Друг значаен ресурс на води се подземните води чија издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитет со кој најчесто се одликуваат, имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но во Републиката не се доволно истражени.

Една од основните цели дефинирани со Просторниот план на Република Македонија е континуирано и долгорочно обезбедување на квалитетна вода за потрошувачите. Бидејки Источниот Регион на Македонија е сиромашен со вода, со ППРМ предвидено е изградба на регионален водостопански систем (РВС) „Треска", со кој ќе се зафаќаат води од сливот на реката Треска и ќе се транспортират кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП „Скопско", „Пчиња", „Средна и Долна Брегалница" и „Струмичко Радовишко". Коридорот на регионалниот водоснабдителен систем минува низ Општина Свети Николе, но точната трасата на овој РВС ќе биде дефиниран со идна проектно техничка и урбанистичко планска документација.

За водоснабдување на населените места во Источна Македонија изграден е хидросистемот „Злетовица" од кој се водоснабдуваат преку 100.000 жители во општините Кратово, Пробиштип, Штип, Свети Николе, Карбинци и Лозово. Со целосна изградба на ХС „Злетовица" ќе се овозможи наводнување на 3.100 ha обработливи површини и годишно производство на електрична енергија од 56,80x106 kWh. При изработката на планската документација да се утврди точната местоположба на линиската инфраструктура и придружните објекти кои се дел од ХС „Злетовица" и соодветно на тоа да се предвидат заштитни мерки со кои ќе се овозможи непречено функционирање на овој значаен систем.

Трасата на гасоводот во ВП „Средна и Долна Брегалница" минува низ обработливо земјиште каде се изградени системи за наводнување и одводнување кои покриваат површина од 25.758ha. За планскиот период се предвидува во ова ВП да се наводнуваат вкупно 49.069ha, од кои 1.000ha од системот „Мавровица – Свети Николе". При изработката на документацијата да се одреди точната местоположба на постоечките и планираните системи и соодветно на тоа да се предвидат мерки за заштита за непречено функционирање на водостопанската и енергетската инфраструктура.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.
Предвидената траса за поставување на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес, се вкрстува со постојните преносни електроенергетски далноводи под надлежност на АД МЕПСО: Велес - Штип, Велес - Овче Поле и Велес - ХИВ (110 kV) како и (400 kV) далновод Дуброво – Скопје и постојни и планирани далноводи под надлежност на ЕВН: надземни и подземни 35kV далноводи, 10kV далноводи и подземни планирани 10(20)kV далноводи, заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат одредбите од: "Закон за енергетика" (Службен весник на РМ број 96/2018, членови 203 и 204), "Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV" (Службен лист на РМ бр.25/2019 год.) и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Гасовод и нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.
Изграденият крак Жидилово - Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија – Романија – Бугарија - С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Државата, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.
Проширувањето на гасоводниот систем со градба на нови магистрални водови како и пратечка секундарна мрежа во градовите и другите населени места, ќе ја подобри комуналната опременост и можноста за избор на различни видови енергенси на корисниците.
Со Просторниот план на Република Македонија планиран е нафтоводот АМБО (Балкански нафтовод-продуктовод Бургас - Драч) кој низ РС Македонија ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга. Но заради заштита на Охридското Езеро, сливните подрачја на постојните и планирани акумулации, на површинските водотеци и за заштита на природните реткости и други стратешки простори, предложен е нов порационален коридор.
Новопредложениот коридор на АМБО во Републиката почнува од Деве Баир на Македонско-Бугарската граница продолжува кон Крива Паланка - Свети Николе - Велес - Крушево - Богомила - Сопотница - Ботун и кај Лакаица влегува во Албанија. Овој коридор е усвоен на осумдесет и шестата седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24.05.2004 год. Точната траса на нафтоводот ќе биде дефиниран со изработка на урбанистичката и проектна документација. Трасата на

планираниот Нафтовод АМБО на км 9+435.25 се вкрстува со предвидената траса за поставување на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес.
Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на РС Македонија изграден е нафтоводот Скопје - Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафинеријата ОКТА.
Трасата на изведениот нафтовод Скопје - Солун под надлежност на Вардакс С.А. на (км 21+855.09 – гасовод) се вкрстува со предвидената траса за поставување на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуват позитивните закони и правилници како и Условите за преминување или изведување работи во близина на заштитениот појас на Вардакс издадени од страна на Вардакс С.А. Подружница – Скопје.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.
Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно - временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.
Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.
Процесот на урбанизација веќе се одвива, а и во наредниот период ќе се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекст, приватната иницијатива, ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред сé на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествено економски и урбан развој и во пошироката околина, односно блиските урбани центри.
Изградба на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти во иницирање и интензивирање на стопанските дејности, остварување подобри резултати и позитивни ефекти врз локалната и национална економија, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.
Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.
Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.
Ваквата идеја и иницијатива за изградба на гасовод е во духот на предложениот концепт за просторен развој на државата, кој е непосредно поврзан и условен со развојот на сообраќајната мрежа.

Домување

Во Просторниот план на РМ, функцијата домување е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигање на животниот стандард на населението.
Иницијативата за изградба на магистрален гасовод на делница Св. Николе – Велес, овозможува понуда на услуги во функција на поквалитетен стандард на домување во случајов употреба на еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива, а истиот ќе се користи освен за потребите во стопанството и во зоните со намена домување во населените места.

Сообраќај и врски

Дистрибуција во рамки на истражуваниот коридор на влијание: Гасоводот ги сече асфалтните патишта: Автопат А4 "Миладиновци-Штип", Регионален пат Р1204 "Св.Николе-Кадрифаково", Локален асфалтен пат "Милино-Лозово", Регионален пат Р1312 "Милино-Каратманово", Регионален (експресен) пат Р1312 "Велес-Кадрифаково", Планиран автопат "Велес-Бугарија", Автопат А1 "Скопје-Гевгелија".

<u>Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:</u>

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР-Табановце- Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ,
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР), врз основа на "Одлука за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
- **А1(М-1)** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3);
- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија),
- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ,
- **М-3** - (Крстосница Петровец-клучка Хиподром-Скопје-Момин поток-гр.со Р.Србија-Блаце).
- Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
- **А3(М-5)** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа);
- **А4 (М-4)** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

- **Р1312** - (Врска со А3 - Крива круша – Велес – Извор - Прилеп-врска со Р1303);
- **Р1204** - (Куманово - врска со А2-Свети Николе- Овче Поле - врска со А3 – Кадрифаково – Штип – Софилари - врска со А4);
- **Р1102** – Скопје – Врска со А2 – обиколница Скопје – Катланово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – врска со А1;

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај:
Согласно податоците добиени од Јавно претпријатие за железничка инфраструктура бр. 2001-1733/2 од 19.07.2024 трасата на гасоводот се вкрстува со железничката пруга Велес - Кочани на км 016 + 962.
Според Просторниот план на Република Македонија, железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР – Табановце – Скопје – Гевгелија – ГР – 213.5 км;

При планирање на локацијата да се почитува Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" број 91/13-пречистен текст, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18) и Законот за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18, 64/18 и 22/20).

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во РС Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.
Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на карго аеродром Штип и заштитната зона на леталиште Каратманово. При изработка на предметната документација, од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на аеродромот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко - технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.
Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста

населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.
Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско- планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.
Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.
Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.
Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС - 64).
Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.
Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.
Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.
Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.
За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.
Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градовите Велес и Свети Николе.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се поплавите, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на поплави првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на град, луњени ветрови и магли.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;

- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И НА ЗЕЛЕНИЛОТО

При планирањето на трасата обрнато е внимание да се избегнат урбаните подрачја на населените места како и градежни парцели и објекти кои веќе постојат.

Просторот опфатен со проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес** во најголем дел е неизградено земјиште, додека при инвентаризација во рамки на проектниот опфат регистрирани се и асфалтирани патишта, земјени патчиња, канали и водотеци а на почетокот на трасата евидентирана е постојна издувна свеќа од постоечкиот гасовод - Секција ЛОТ1 Клечовце – Кавадарци, на кој се приклучуваме кај Блок станица 2.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/2018 и 20/19).

Согласно дописот од **Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство** бр.17-1633/2 од 29.04.2024 упатени сме да контактираме со НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип како надлежни установи за заштита на културното наследство да утврдат соодветен режим на заштита на недвижното културно наследство. Управата за заштита на културно наследство исто така го нагласува Извештајот од НУ Национален Конзерваторски центар Скопје, доставен до претходниот изработувачот на урбанистичкиот проект за магистралниот гасовод (Простор доо Куманово со бр. 08-73/3 од 25.03.2021), во кој е наложено да се направи стручен увид на лице место од страна на Стручен тим на археолози (пред изведба на проектот да се изврши рекогносцирање на трасата од овластен конзерватор – археолог од надлежната установа за заштита.

Согласно дописот од **НУ Национален конзерваторски ЦЕНТАР – Скопје** бр. 08-192/3 од 13.05.2024 год. – доставен одговор и топо – карта со информација дека на подрачјето на предметниот проектен опфат и негова непосредна близина се наоѓа недвижно културно добро н.м. Чалошево - Арх.локалитет КУЛА со мат.бр.4-831-088/319 ЕНД и потребно е да се реализира археолошко рекогносцирање на трасата на гасоводот на стационажа од 24+300 до 27+500 со кое ќе се потврди дали на површината од наведената стационажа постојат сочувани содржини од недвижно културно добро. Дополнително не информираат дека за територијата за која е надлежна нивната институција нема изготвено постојна и планирана инфраструктура или урбанистичко плански/проектни документации за третираниот проектен опфат;

Согласно допис од **Национална установа Завод за заштита на спомениците на Културата и Музеј – ШТИП** бр. 08-125/2 од 29.04.2024 год. – Доставено мислење дека според постоечката документација и доставениот допис во планскиот опфат не постои културно наследство во општините кои се во нивна сопственост;

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарските општини Ерџелија, Свети Николе и Велес кои се предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

<u>КО Ерџелија</u>

1. Археолошки локалитет "Бела Чука", Ерџелија, римски период;
2. Археолошки локалитет "Каменот", Ерџелија, предримски период,
3. Археолошки локалитет "Крушка", Ерџелија, доцноримски период,
4. Археолошки локалитет "Ќупче - Буниште", Ерџелија, неолит, железно време и антички период,
5. Спомен гроб на Ленче Иванова, Ерџелија, 20 век.

<u>КО Свети Николе</u>

1. Археолошки локалитет "Антарла" (Бела Чука), Свети Николе, доцноримски период;
2. Археолошки локалитет "Коочун", Свети Николе, праисторија;
3. Археолошки локалитет "Медово Аниште", Свети Николе, среден век;
4. Археолошки локалитет "Огради", Свети Николе, предримски период;
5. Археолошки локалитет "Сулејманец", Свети Николе, римски период;
6. Спомен гроб на Мара Нацева, Свети Николе, 20 век;
7. Спомен Костурница, Свети Николе, 20 век;
8. Црква Св.Никола, Свети Николе, 1847 год.;

КО Велес

1. Археолошки локалитет "Венуле", Велес, 4-6 век;
2. Археолошки локалитет "Винарска Визба", Велес, римски период;
3. Археолошки локалитет "Петрова Чешма", Велес, римски период;
4. Археолошки локалитет "Кале", Велес, антика до среден век.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на документацијата од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

За присутноста на постоечките инфаструктурни инсталации и нивните главни водови се побарани податоци, информации и мислења од надлежните субјекти и институции во повеќе ПИМ постапки на информацискиот систем е-урбанизам, по пошта и со достава на барање до соодветните архиви.

https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/61075
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/62341
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/64840
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/64821
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/64873
https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/planner/detail/1041/65238
https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/planner/detail/1041/65239
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/67488
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/68457
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/68965

Согласно член 47 став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/2024), Доколку државните органи, институции, установи и правни лица од ставот (1) на овој член, во рокот (15 работни дена) од став (3) на овој член, не ги достават податоците и информациите со кои располагаат, се определува дополнителен рок од пет дена со опомена да ги достават бараните податоци и информации со кои располагаат, а во спротивно евентуалните идни штети, настанати поради недоставувањето на податоците и информациите или неодговарањето на барањето се на нивен товар.

Со дополнителни геодетски снимања во предвидениот коридор за гасоводот се регистрирани разни податоци за распоредот на овие инфраструктурни инсталации кои се имплементирани во графичкиот дел од овој урбанистички проект.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна и канализациска мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа
- Гасоводна мрежа
- Нафтоводна мрежа

7.1 Сообраќајна мрежа

- Согласно податоците од **Јавното претпријатие за државни патишта (допис бр. 10-41-4188/2 од 08.04.2024 год.)** дел од приложениот проектен опфат се вкрстува со магистралниот пат (автопат) А1 (М-1), и со регионалните патни правци Р1204(Р-105) и Р1312 (Р-526) за кои во плановите на ЈПДП не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса. Да се обезбеди Одобрување за подземен премин на инсталација.
  КОМЕНТАР: За подземните премини на магистралниот гасовод под државни патишта се обезбедени Одобрувања за подземен премин од ЈПДП.
- Согласно податоците од **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура (допис бр. 2001-1733/2 од 19.07.2024 год.)** трасата на гасоводот се вкрстува со железничката пруга Велес - Кочани на км 016 + 962;
  КОМЕНТАР: Од страна на Инвеститорот обезбедени се Услови за изработка на техничка документација за премин на гасовод под железничка пруга и изработен е Основен проект за премин на гасовод под железничка пруга.

7.2 Водоводна и канализациска мрежа

- Согласно податоците од **АД Водостопанство на РСМ – Скопје, дописот бр. 11-787/3 од 10.06.2024 год.** е доставено известување дека во опфатот на планираниот гасовод, АД Водостопанство има свои објекти и инфраструктура. Во предметниот опфат водостопанската инфраструктура се вкрстува со трасата на гасоводот.
  Десен магистрален канал од хидросистем Брегалница, цевководот кој ги поврзува секундарните цевководи дел од ZG 24(кој се обележани во прилогот со ознака GC-igz, RC-9gz и RC-10gz), суводолица 1, примарен цевковод GC-3 дел од ZG24, секундарен цевковод RC-12 дел од ZG24 и GC-3 Ddz, суводолица2, секундарен цевковод RC12 дел од ZG 24, Св.Николска река, секундарен цевковод RC-10 дел од ZG 25 и десен магистрален канал од хидросистемот Брегалница.

На просторот над цевководите треба да има заштитен коридор (поради одржување на истиот) со ширина од по 3.0м од левата и десната страна (вкупно 6м) од осовината на цевководот. На местата каде се вкрстува подземниот кабелски вод со водостопанската инфраструктура да се изготват соодветни технички решенија.
Поради одржување на овие одводни канали и суводолици просторот од левата и десната косина на каналот треба да има заштитни коридори со ширина од по 3м од едната косина на каналот и 6.0м другата косина на каналот. На местата каде се вкрстува гасоводот со водостопанската инфраструктура треба да се изготват соодветни технички решенија со соодветни законски регулативи и да се земе во предвид хидрологијата на сливното подрачје кај суводолиците и реката Светиниколска бидејќи станува збор за гасовод.
КОМЕНТАР: Обезбедено е позитивно мислење за пресекот на гасоводот со инфраструктурата на АД Водостопанство.

- Согласно податоците од **Јавно претпријатие на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" - Пробиштип допис бр. 03-299/2 од 23.05.2024 год.** доставено известување дека ЈП ХС Злетовица – Пробиштип на овој потег, на (стационажа на гасовод 1+625 – 1+650) има подземен полиестерски цевковод DN 460 за водоснабдување на општина Свети Николе и на (стационажа на гасовод 6+300 – 6+325) има подземен полиестерски цевковод DN 200 за водоснабдување за општина Лозово, над кој е поставено ПВЦ црево Ø32 во кое е провлечен оптички кабел, со плански опфат од по 10 метри лево и десно од осовината на цевката.
КОМЕНТАР: Обезбедено е позитивно мислење за пресекот на гасоводот со инфраструктурата на Јавно претпријатие на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" - Пробиштип.
- Согласно допис од **ЈКП Комуналец - Свети Николе бр. 0306-18/53-2 од 09.04.2024 год**. во планираниот проектен опфат нема постоечка и планирана инфраструктура во нивна сопственост;
- Согласно допис од **ЈКП Дервен - Велес бр. 09-266/2 од 07.02.2025 год**. планираниот проектен опфат е во близина, но НЕ навлегува во трета заштитна зона на бунарите за водоснабдување на Градот Велес. ЈКП Дервен Велес дава позитивно мислење за урбанистичкиот проект;

7.3 Енергетика и енергетска инфраструктура

- Согласно податоците од **ЕСМ АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** допис бр. 08-2636/2 од 30.04.2024 год. во кој е наведено дека согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, од 2017год. се планирани идните локации на ХЕЦ ВЕЛЕС, ХЕ Бабуна и ХЕ Згрополци 1. Согласно процедурата следи изработка на Физибилити студија за проектот, при што е возможна промена на микролокацијата на ХЕЦ и ХЕ.
Во прилог се доставени: графички прилог од идна ХЕЦ ВЕЛЕС и микролокации за идни ХЕЦ согласно Префизибилити студија;
- Согласно податоците добиени од **АД МЕПСО** со бр. 11-2635/1 од 08.04.2024 год. се наведува дека трасата на планираниот гасовод се пресекува со постојни 110 kV далекуводи и 400 kV далекувод во сопственост на АД МЕПСО. Во прилог подлога во dwg – формат.
КОМЕНТАР: Обезбедено е позитивно мислење за пресекот на гасоводот со инфраструктурата на АД МЕПСО дадено.
- Согласно податоците добиени од **ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со** бр.10-23/105 од 09.04.2024 год. наведени се надземните и подземните инсталации од електроенергетската инфраструктруа во сопственост на ЕВН. Приложен е и графички приказ. *КОМЕНТАР: Обезбедено е позитивно мислење за пресекот на гасоводот со инфраструктурата на ЕВН.*

7.4 Гасовод

- Согласно дописот добиен од **НОМАГАС АД Скопје** (бр. 08-2307/2 од 09.04.2024) за проектниот опфат и трасата на планираниот гасовод даваат позитивно.

7.5 Нафтовод

- Согласно дописот од **ВАРДАКС СА, Подружница Скопје** (бр. 0301-57/2 од 29.04.2024), проектниот опфат, трасата на планираниот гасовод се сече со постоечкиот Нафтовод Скопје - Солун.
  КОМЕНТАР: Обезбедено е позитивно мислење за пресекот на гасоводот со постоечката инфраструктурата на Вардакс СА, Подружница Скопје.

7.6 Телекомуникациска инфраструктура

- Согласно дописот од **Министерство за внатрешни работи**, (бр. 11.2.47696/2 од 12.05.2024), во рамки на проектниот опфат на планираниот гасовод има постоечка инфраструктура во сопственост на МВР.
  КОМЕНТАР: Обезбедено е позитивно мислење за пресекот на гасоводот со постоечката инфраструктурата на МВР.
- Согласно дописот од **Интерспаце ДООЕЛ Скопје**, (бр. 0302-2386 од 09.05.2024), во рамки на проектниот опфат на планираниот гасовод постои ТТК кабелска инфраструктура што се пресекува со гасоводот.
- Согласно дописот од **Мк Телеком АД - Скопје**, (бр. 61075 од 05.04.2024), во рамки на проектниот опфат на планираниот гасовод имаат постоечка ТК инфраструктура.
- Согласно дописот од **А1 Македонија**, (бр. 11-2594/1 од 05.04.2024), во рамки на проектниот опфат на планираниот гасовод имаат постојни телекомуникациски подземни инсталации.
- Согласно дописот од **АЕК**, (бр. 1404-1414/2 од 26.04.2024), во рамки на проектниот опфат на планираниот гасовод има постоечки електро телекомуникациски мрежи.
- Согласно дописот од **ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ (ТРД РОБИ)**, со број (03-966/2 од 07.05.2024 год), а во врска со Вашето барање бр. 0801-86/4 од 18.04.2024 за наша инсталација поради Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистарален гасовод, Делница: Свети Николе - Велес. Општина Св. Николе Општина Лозово и Општина Велес, ве информираме дека немаме наши инсталации.

Предвидениот магистрален гасовод со својата должина, пресекува поголем број на природни и вештачки препреки и инфраструктура. Во следната **ЗБИРНА ТАБЕЛА**, се дадени бројот и видот на препреки и инфраструктури и соодветната стационажа на пресекување и премини.

ЗБИРНА ТАБЕЛА НА ПРЕСЕЦИ НА ГАСОВОД СО ПРИРОДНИ И ВЕШТАЧКИ ПРЕПРЕКИ И ИНФРАСТРУКТУРА

Реден број	Стационажа (км+м)	Вид и ознака на премин
1	км 00+008.84	Земјен пат
2	км 00+807.12	Земјен пат
3	км 00+951.33	Земјен пат
4	км 1+660.08	ЈП ХС Злетовица Цевковод за водоснабдување на о.Св.Николе

5	км 01+887.38	Земјен пат
6	км 2+702.98	Земјен пат
7	км 2+710.03	АД Водостопанство Цевковод за наводнување
8	км 2+717.04	Бетонски покриен канал
9	км 2+745.50	Земјен пат
10	км 3+263.32	Цевковод за наводнување АД Водостопанство
11	км 3+300.52	Цевковод "9" Ф250мм за наводнување АД Водостопанство
12	км 3+563.05	Дол
13	км 3+952.97	Земјен пат
14	км 3+997.36	АД Водостопанство цевковод за наводнување
15	км 4+110.77	АД Водостопанство Цевковод "10" Ф250мм за наводнување
16	км 4+696.96	АД Водостопанство Цевковод "11" Ф250мм за наводнување
17	км 4+885.94	Дол
18	км 5+126.36	АД Водостопанство цевковод за наводнување
19	км 5+340.62	Земјен пат
20	км 5+509.61	МК Телеком – подземен оптички кабел
21	км 5+708.23	Надземен постоечки далновод 35kV - ЕВН
22	км 5+717.77	АД Водостопанство Цевковод "12" Ф250мм за наводнување
23	км 5+765.39	Автопат А4 "Миладиновци-Штип"
24	км 5+788.14	Подземен далновод 35kV - ЕВН
25	км 6+083.46	Земјен пат
26	км 6+162.04	Река "Каштан Јарак"
27	км 6+262.08	Регионален пат Р1204 Св.Николе-Кадрифаково
28	км 6+298.54	Подземен оптички кабел
29	км 6+306.28	Подземен оптички кабел
30	км 6+312.39	ЈП ХС Злетовица Цевковод за водоснабдување о.Лозово
31	км 6+354.63	Далновод 10kV_ЕВН
32	км 6+535.22	Земјен пат
33	км 6+771.49	Земјен пат
34	км 7+081.83	АД Водостопанство Цевковод за наводнување
35	км 7+095.63	Земјен пат
36	км 7+140.39	Земјен пат
37	км 7+985.13	Земјен пат
38	км 7+903.92	Бетонски канал
39	км 7+961.54	Земјен пат
40	км 8+502.54	Земјен пат
41	км 8+521.23	Земјен пат
42	км 9+180.66	Земјен пат
43	км 9+188.82	Дол
44	км 9+435.25	Планиран нафтовод "АМБО"
45	км 10+155.31	Земјен пат
46	км 10+703.24	Земјен пат
47	км 10+869.10	Земјен пат

48	км 10+932.03	Дол "Длабок дол"
49	км 10+948.00	Земјен пат
50	км 11+227.65	Дол
51	км 11+904.42	Земјен пат
52	км 12+297.84	Земјен пат
53	км 13+247.30	Земјен пат
54	км 14+063.73	Земјен пат
55	км 14+125.46	Земјен пат
56	км 14+453.00	Земјен пат
57	км 14+692.28	Дол "Ливадски поток"
58	км 14+735.63	Земјен пат
59	км 14+740.41	Подземен бакарен кабел за телекомуникации
60	км 15+022.96	Дол "Ѓузумлиска река"
61	км 15+461.85	Далновод 10kV ЕВН
62	км 15+521.75	Подземен бакарен кабел за телекомуникаци
63	км 15+521.75	Подземен планиран 10(20) kV далновод - ЕВН
64	км 15+527.35	Локален асфалтен пат "Милино-Лозово"
65	км 15+530.31	Цевковод за водоснабдување "Милино-Лозово-Каратманово"
66	км 15+713.72	Цевковод за водоснабдување с.Милино
67	км 15+715.39	Земјен пат
68	км 15+950.58	Земјен пат
69	км 16+224.73	Регионален пат Р1312 "Милино-Каратманово"
70	км 16+229.77	Земјен канал
71	км 16+399.07	Земјен пат
72	км 16+958.40	Река "Саридерска река"
73	км 17+556.09	Дол
74	км 17+61.75	Подземен планиран 10(20) kV далновод - ЕВН
75	км 18+966.27	Земјен пат
76	км 18+983.12	Железничка пруга "Велес-Кочани"
77	км 19+219.44	Далновод 110kV МЕПСО - ТС Велес – ТС Овче Поле Далновод 35kV ЕВН
78	км 19+381.16	Земјен канал
79	км 19+389.79	Регионален (експресен) пат Р1312 "Велес-Кадрифаково"
80	км 19+399.15	Земјен канал
81	км 19+446.56	Подземен оптички кабел
82	км 19+452.11	Планиран автопат "Велес-Бугарија"
83	км 19+724.25	Суводолица "Јаруга"
84	км 20+420.83	Земјен пат
85	км 21+401.68	Земјен пат
86	км 21+539.58	Земјен пат
87	км 21+855.09	Нафтовод "Скопје – Солун" ф 406мм
88	км 22+475.13	Земјен пат
89	км 23+567.56	Далновод 35(110)kV ЕВН
90	км 24+346.40	Далновод 400kV МЕПСО, Далновод 35kV ЕВН
91	км 24+367.81	Планирана подземна мрежа 10(20)kV ЕВН

92	км 24+383.64	Земјен пат
93	км 24+812.67	Земјен пат
94	км 25+108.29	Земјен пат
95	км 26+528.58	Земјен пат
96	км 26+873.76	Подземен далновод 10kV - ЕВН
97	км 26+874.97	Земјен пат
98	км 26+876.09	Подземен планиран далновод 10(20)kV - ЕВН
99	км 26+963.00	Постоечки ТТК Кабел А1 Македонија
100	км 26+971.24	Постоечки СТК ТК кабел - Интерспаце
101	км 26+983.99	Автопат А1 "Скопје-Гевгелија"
102	км 27+005.00	МК Телеком – ТТК оптички кабел
103	км 27+062.38	Далновод 10kV ЕВН
104	км 27+175.06	Дол
105	км 27+388.84	Далновод 110kV МЕПСО, далновод 35kV ЕВН

Крак на гасовод кон ГМРС Св.Николе		
1	км 0+183.66	Планиран нафтовод "АМБО"
2	км 0+183.66 – км 0+218.57	Земјен пат

8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД СУБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во текот на изнаоѓање на трасата за гасоводната мрежа собрани се податоци од сите релевантни и надлежни државни органи, институции, дирекции, агенции на државно и локално ниво.

- Со допис бр. 09-89/2 од 09.04.2024 год. **ДЗС подрачно одделение Велес** доставува Претходни услови за заштита и спасување кои треба да се вградат во проектот;
- Согласно допис од **Министерство за одбрана** бр. 19/2-5/508 од 05.06.2024 год. во планираниот проектен опфат Не располагаат со техничка документација за кабелски инсталации во нивна сопственост;
- Согласно допис од **Министерство за Култура – Управа за заштита на културно наследство** бр. 17-1633/2 од 29.04.2024 год.
- Согласно издадените податоци (акт бр.08-314/2 од 08.02.2021 год.) е наведено дека на подрачјето на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓа недвижно културно наследство, добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Поради тоа сте упатени да контактирате со НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип како надлежни установи за заштита на културното наследство да утврдат соодветен режим на заштита на недвижното културно наследство;
  Потребни податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во планската документација;
- Согласно допис од **НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ** бр. 08-192/3 од 13.05.2024 год. – доставен одговор и топо – карта со информација дека

на подрачјето на предметниот проектен опфат и негова непосредна близина се наоѓа недвижно културно добро н.м. Чалошево - Арх.локалитет КУЛА со мат.бр.4-831-088/319 ЕНД и потребно е да се реализира археолошко рекогносцирање на трасата на гасоводот на стационажа од 24+300 до 27+500 со кое ќе се потврди дали на површината од наведената стационажа постојат сочувани содржини од недвижно културно добро. Дополнително не информираат дека за територијата за која е надлежна нивната институција нема изготвено постојна и планирана инфраструктура или урбанистичко плански/проектни документации за третираниот проектен опфат;

- Согласно допис од **Национална установа Завод за заштита на спомениците на Културата и Музеј – ШТИП** бр. 08-125/2 од 29.04.2024 год. – Доставено мислење дека според постоечката документација и доставениот допис во планскиот опфат не постои културно наследство во општините кои се во нивна сопственост;
- Согласно допис од **Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина - сектор за животна средина** бр. 11-834/3 од 14.04.2025год.

  Во прилог на овој допис Ви доставуваме Мислење со број 11-834/2 кое се однесува на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфрастуктура за Магистрален гасовод Делница: Свети Николе-Велес, општина Свети Николе, општина Лозово и општина Велес.

  Во врска со Вашето барање на мислење и согласност од 18.02.2025 година, а кое се однесува на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод Делница: Свети Николе-Велес, општина Свети Николе, општина Лозово и општина Велес, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве информира дека согласно, Законот за животната средина (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39 /16, 99 /18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89 /22 и 171/22), за донесување на планска документација најпрво потребно е да се утврди потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијание врз животната средина која ја спроведува Секторот за просторно планирање во Министерството за животна средина и просторно планирање, на барање на носителот на планската документација.

  Пред одобрување на урбанистичкиот план/проект потребно е да се прибави мислење од секторотот за природа и секторот за води при Управата за животна средина.

  Секторот за животна средина при Управата за животна средина Ви укажува дека согласно Законот за животна средина , оценката на влијанието на животната средина се спроведува на определени проекти кои можат да имаат значително влијание врз животната средина.

  Пред започнување со било какви проектни активности инвеститорот е должен да постапи согласно Законот за животната средина (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39 /16, 99 /18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89 /22 и 171/22) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.74/05, 109/09, 164/12, 202/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр.175/22) , Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење ra стручни работи ОД областа на живо1hata средина (Службен весник на Република Македонија бр. бр.80/09 и 36/12) и „Служ.бен весник на Република Северна Македонија" бр. 233/22)) и Уредбата за

дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Службен весник на Република Македонија бр. 80/09 и 32/2012).

КОМЕНТАР: За предметниот УП за магистрален гасовод Св.Николе – Велес изработен е Елаборат за заштита на животната средина од мај 2021 со техн.бр. ПРР 032-05-21 и од надлежниот орган е издадено Решение за одобрување на истиот со број УП1-11/4-691/2021 од 11.06.2021.

- Согласно допис од **Министерство за животна средина и просторно планирање – сектор природа** бр. 11-2869/4 од 10.05.2024год. и бр. 11-831/2 од 17.03.2025год.

  Констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не влегува внатре во границите на заштитените подрачја како и во идентификувано и Натура 2000 подрачје.

  Меѓутоа предметниот плански опфат зафаќа дел од Емералд подрачје - Овче Поле, кој е дел од Националната Емералд мрежа, која опфаќа подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI). Овие подрачја се назначуваат со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се воспоставуваат на територијата на земјите членки на Бернска конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа), која е ратификувана од нашата држава.
- Согласно допис од **Министерство за животна средина и просторно планирање – сектор води** бр. 11-2867/2 од 29.04.2024год и бр. 11-832/2 од 26.03.2025год.

  Константирано е дека предметниот плански опфат е во трета (III) заштитна зона на водни тела „Рени" бунарите, бунар АРМ, топилнички бунар и бунарскиот систем „Шорка" Велес наменети за водоснабдување на градот Велес и исто така во предвидениот плански опфат поминуват неколку водотеци, поради што во согласност со Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13,163/13,180/14,146/15 и 52/2016), при изготвување на планската документација треба да се имаат во предвид критериумите доставени во прилог на дописот.

  Исто така во прилог се доставени и услови - забранетите активности и дејности во третата (поширока) заштитна зона согласно Елаборатот за одредување на границите заштитени зони околу водозафатени објекти - бунари за водоснабдување на Градот Велес ,со тех. 0903-282/2 од Март 2015 година кои треба да се внесат во планската документација.

  КОМЕНТАР : Во планската документација се внесени сите услови доставени од МЖСПП - сектор води. Границата на III Заштитна зона за Бунари за водоснабдување на градот Велес е внесена во планската докуметација како и условите од Елаборатот. Согласно допис од ЈКП Дервен - Велес бр. 09-266/2 од 07.02.2025 год. проектниот опфат на гасоводот е во близина, но НЕ навлегува во трета заштитна зона на бунарите за водоснабдување на Градот Велес.
- Согласно допис од **Министерство за Енергетика рударство и минерални суровини** бр. 31-896/2 од 16.04.2025год.

  Од аспект на надлежностите од областа на Законот за минерални суровини како и направениот увид во ГИС системот е констатирано дека за наведената проектна документација „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфрастуктура за Магистрален гасовод, делница Свети Николе-Велес", не се водат постапки и немаме доделени концесии за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини за што е доставено Известување бр. 24-1157/2 од 24.03.2021 год.

  При повторно барање на податоци, информации и мислење Ваш бр.0801-48 од 17.02.2025 година, за предметниот „Урбанистички проект вон опфат на

урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, делница Свети Николе-Велес", општина Св.Николе, општина Лозово и општина Велес, со наведените измени во него по направениот увид во ГИС системот е констатирано дека не се водат постапки и немаме доделени концесии за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини.

Имајќи го во предвид нанапред неведеното немаме забелешки во однос на предметниот корегиран проект за инфраструктура Магистрален гасовод.

- Согласно дописот од **Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство – сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост** – бр. 40-126/1 од 05.04.2024

  Во врска со Вашето барање на мислење со Ваш Архивски број: 67-4071/2 од 04.08.2023 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за магистрален гасовод, делница Св.Николе - Велес, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

  Според Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 178/21 и 91/23) се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште како ограничен приросен ресурс, - заштита на земјоделското земјиште и – обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

  Катастарските парцели со катастарска култура зпз и потоците, не преставуваат земјоделско земјиште и не се во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водсостопанство.

  За информација за катастрските парцели со катастрска култура пасишта треба да се обратите до ј.п. за стопанисување со пасишта.

  Воедно напоменуваме дека меѓу приоритетите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

  ПРИЛОГ: список на катастарски парцели во рамки на проектниот опфат кои се: под закуп, во државна сопственост, со право на користење, приватна сопственост итн.

- Согласно дописот од **Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство – сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост** – бр. 40-4198/7 од 23.12.2024

  Во врска со вашето Барање податоци и информации бр.0801-289/24 од 04.12.2024 МЗШВ согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

  ПРИЛОГ: список на катастарски парцели во рамки на проектниот опфат кои се: под закуп, во државна сопственост, со право на користење, приватна сопственост итн.

  КОМЕНТАР: Ова мислење се однесува на катастарските парцели кои дополнително беа доставени до МЗШВ заради измена и дополна на проектниот опфат на магистралниот гасовод.

- Согласно дописот од **Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство** бр. 47-11982/2 од 06.12.2024

  Во врска со вашето барање на мислење дали катастарските парцели со опис на култура шума вклучени во планскиот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод Делница: Свети

Николе – Велес се предмет на закуп, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува дека согласно член 89 став (4) од Законот за шумите (Сл.весник на РМ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, и 39/16 и Сл.весник на РСМ бр.274/22) шумите во државна сопственост не можат да се даваат под закуп.

- Согласно дописот од **Ј.П за СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА** бр. 03-358/2 од 27.01.2025

  Во врска со вашето барање на мислење за изработка на проектна документација Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод Делница: Свети Николе – Велес а во чиј опфат влегуваат дел од КП наведени во дописот, кои се култура пасиште и за кои барате да ве информираме дали имаме склучено договори за користење на пасишта, ЈП за стопанисување со пасишта Ве информира дека, за конкретно наведените КП во дописот немаме склучено договори за користење на пасишта, но имаме регулирано право-склучено договори за користење на пасишта во КО Милино вон град, КО Црнилиште вон град, КО Свети Николе вон град и КО Велес но без наведени КП.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Површината на проектниот опфат изнесува 650848.1м^2 (65.08 ха). Должината на трасата на гасоводот од Св.Николе кон Велес изнесува 27688.00 м'. Должината на кракот кон ГМРС 11 - Св.Николе изнесува 383.00 м'. Вкупната должина на инфраструктурата е $L_{вк}$ = 28071.00 м' или околу 28км.

Таб: Инветаризација на земјиштето, изграденото градежен фонд и физичка супраструктура

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА ha / m²	%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	64.23 ха 642303.0 м²	98.69
АСФАЛТЕН ПАТ	0.15 ха 1456.4 м²	0.23
ЗЕМЈЕН ПАТ	0.5 ха 5092.8 м²	0.77
ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА	0.04 ха 424.5 м²	0.06
БЕТОНСКИ КАНАЛ	0.02 ха 214.00 м²	0.03
ВОДОТЕЦИ	0.14 ха 1353.4 м²	0.2
ИЗДУВНА СВЕЌА	0.0004 ха 4.00 м²	0.02
ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	65.08 ha 650848.1 m²	100